**Ј а в е н  п о в и к**

Советот на Град Скопје, на предлог на Градоначалникот на Град Скопје, на седницата одржана на 09.12.2021 година изгласа Програма со која се определуваат видовите на повластеното користење на јавниот градски превоз, категориите на лица со попреченост кои имаат право на повластено користење на јавниот градски превоз, како и условите и постапката за стекнување на тоа право.

Заинтересираните граѓани, лица со оштетен вид, лица со оштетен слух, лица со телесно оштетување, лица со интелектуална попреченост, бубрежно болни лица, лица со аутистичен спектар на однесување како и инвалидите на трудот, инвалидски пензионери и воените инвалиди, правото на повластено користење на јавниот градски превоз можат да го остварат преку соодветните здруженија на граѓани организирани на подрачјето на градот Скопје.

За остварување на правото на повластено користење на јавниот градски превоз во 2022 година, заинтересираното лице со попреченост поднесува барање до здружението на граѓани во кое членува.

Здруженијата се задолжуваат да приложат список за членовите кои претходните години земале билети и со изјава да ја потврдат неговата веродостојност. За нови баратели на билети потребно е на официјалниот меил socijala@skopje.gov.mk. да се испратат скенирани документите и список, најдоцна до 20.12.2021 година.

За дополнителни информации претставниците на здруженијата можат да се јават на телефон 3297 – 321.

**ГРАД СКОПЈЕ**